**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-173**
**11.07.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-170 од 01.07.2022 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-2732/2 од 08.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница сдржана на 08.07.2022 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ААВМУ. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, ААВМУ ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 01.07.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2530/2 од 01.07.2022 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-170 од 01.07.2022 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗААВМУ, согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-170 од 01.07.2022 година за одземање на

дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-2732/2 од 08.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 08.07.2022 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – Архива на ААВМУ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во ААВМУ за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.